Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-552/4

25-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 552 од 21.10.2022 година, поднесена од [redacted] против Министерство за надворешни работи, за сторена дискриминација врз основа на етничка и политичка припадност, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 24.11.2022 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 552 од 21.10.2022 година заради повлекување на претставката од подносителот [redacted]

### О б р а з л о ж е н и е

На 21.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка и политичка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на подносителот [redacted] против Министерство за надворешни работи.

Подносителот на претставката на 21.11.2022 година, со известување заведено под број 08 – 552/3, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ја повлекува поднесената претставка.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
24.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]

- Министерство за надворешни работи, бул. Филип Втори Македонски бр. 7, 1000 Скопје